РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

март, 2016 година

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....5

Инфлација ....6

Берзански цени ....7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ....8

Увоз ....9

Салдо на трговска размена ....10

Валутна структура ....10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи .... 11

Буџетски расходи ....12

Буџетско салдо ....13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ....13

Плати ....14

Пензии ....15

5. Монетарен сектор

Примарни пари ....16

Депозитен потенцијал ....16

Кредити на банките ....17

Каматни стапки на депозитни банки ....17

Пазар на капитал ....18

Девизни резерви ....18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

март, 2016 година

- Индустриското производство во март 2016 година во споредба со март 2015 година забележа раст од 8,9%;

- Потрошувачките цени во март 2016 година се намалија за 0,4% во однос на март 2015 година, откако цените во февруари останаа непроменети на годишна основа;

- Во периодот јануари- март 2016 година извозот забележа раст од 5,7%, а увозот за 3,7%, што резултираше со стеснување на трговскиот дефицит за 1,4% споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - март 2016 година изнесуваа 40.590 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 7,4% во однос на истиот период 2015 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 46.225 милиони денари, што е за 4,9% повеќе во однос истиот период 2015 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 8,4% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките раст од 6,2%.

## Индустриско производство

Во март 2016 година индустриското производство забележа раст од 8,9% во споредба со март 2015 година. Анализирано по сектори, раст е забележан во секторот Преработувачка индустрија од 15,4%, додека пад е забележан во секторите Рударство и вадење камен од 7,5% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 24,2%.




Најголем позитивен придонес во годишниот раст на индустриското производство во март 2016 година има гранката Производство на машини и уреди (5,9 п.п.), а најголем негативен придонес има гранката Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (2,2 п.п.).




* Раст од над 100% е забележан во категоријата Преработка на дрво и производи од дрво и плута.

На кумулативна основа, индустриското производство во периодот јануари-март 2016 година во однос на истиот период во 2015 година забележа раст од 10,7%. Раст е забележан во секторот Преработувачка индустрија од 13,9%, додека пад има кај секторите: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 7,0% и Рударство и вадење камен од 1,2%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во март 2016 година во однос на март 2015 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Капитални производи од 63,6%, Нетрајни производи за широка

потрошувачка од 5,4% и Интермедијарни производи, освен енергија од 3,2%. Пад е забележан во групите Трајни производи за широка потрошувачка од 26,8% и Енергија од 19,9%.

На кумулативна основа, во периодот јануари-март 2016 година во однос на истиот период во 2015 година раст е забележан во групите: Капитални производи од 50,1%, Интермедијарни производи, освен енергија од 5,2% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,4%, додека пад е забележан во групите Трајни производи за широка потрошувачка од 22,1% и Енергија од 1,6%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во март 2016 година забележа раст од 2,1%. Растот најмногу се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 2,1%. Раст е забележан и во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,8% и Рударство и вадење камен од 1,1%.




На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во периодот јануари-март 2016 во споредба со истиот период претходната година е зголемен за 1,8%. Раст е забележан во сите сектори, и тоа: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,9%, Преработувачка индустрија од 1,8% и Рударство и вадење камен од 0,6%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во март 2016 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 18,2%, Интермедијарни производи, освен енергија од 4,3%, Енергија од 3,1% и Трајни производи за широка потрошувачка од 0,7%. Пад е забележан само кај групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,3%.

На кумулативна основа, во периодот јануари - март 2016 година во однос на истиот период во 2015 година раст на бројот на работници е забележан во следните наменски групи: Капитални производи од 19,2%, Интермедијарни производи, освен енергија од 4,4% и Енергија од 2,7%. Намалување на бројот на работници е забележан во групите: Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,9% и Трајни производи за широка потрошувачка од 0,5%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во март 2016 година е понеповолна во однос на февруари 2016 година, а поповолна во однос на истиот месец претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во март изнесува 63,3%, што претставува намалување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 64,6%. Споредено со март 2015 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 0,7 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во март 2016 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 23,7%, недоволната домашна побарувачка со 18,3%, недостигот на квалификувана работна сила со 13,7%, финансиските проблеми со 8,0%, неизвесното економско опкружување со 7,9% и конкурентниот увоз со 6,3%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во март во однос на претходниот месец е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се дека ќе се зголеми, додека залихите на готови производи се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во март 2016 година издадени се 196 одобренија за градење, што претставува намалување од 17,6% во однос на март 2015 година. Во однос на претходниот месец, кога биле издадени 335 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење бележи намалување од 41,5%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во март 2016 година, во однос на истиот месец претходната година е намалена за 23,8%. Во однос на февруари 2016 година, вредноста на објектите се намалила за 50,2%.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 116 (или 59,2%) се наменети за објекти од високоградба, 32 (или 16,3%) за објекти од нискоградба и 48 (или 24,5) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 196 издадени одобренија за градба, на 120 (или 61,2%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 76 објекти (или 38,8%) инвеститори се деловни субјекти.




Во март 2016 година предвидена е изградба на 527 стана, со вкупна корисна површина од 42.545 м$^2$. Бројот на предвидени станови за

изградба споредено со март 2015 година е зголемен за 8,2%, а во однос на претходниот месец е намален за 37,9%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во март 2016 година се намалија за 0,4% во однос на март 2015 година, откако цените во февруари останаа непроменети на годишна основа. Просечната стапка на инфлација во првите три месеци од 2016 година изнесува -0,1%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во март забележа годишен пад на цените од 1,2%, главно како резултат на намалените цени во поткатегориите Зеленчук од 9,1% и Овошје од 3,8%.




Годишен пад на цените во март е регистриран и во категориите: Транспорт од 6,3%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1% и Здравје од 0,8%. Највисок годишен раст на цените е забележан во категоријата Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 4,8%, следена со порастот на цените во категориите: Рекреација и култура од 4,1%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 3,9%, Облека и обувки од 1,8%, Ресторани и хотели од 1,5%, Комуникации од 1,4%, Останати стоки и услуги од 0,5% и Образование од 0,4%.




Потрошувачките цени во март 2016 година се зголемија за 0,1% во однос на претходниот месец. Зголемување на цените е забележано во категориите:

Комуникации и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од по 0,9%, Транспорт од 0,8%, Рекреација и култура од 0,7%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,6% и Домување, вода, електрика, гас и други горива, Ресторани и хотели и Останати стоки и услуги од по 0,1%. Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Здравје од 0,4%, Облека и обувки од 0,3% и Храна и безалкохолни пијалаци од 0,1%. Цените во категоријата Образование останаа непроменети.

Цените на мало во март 2016 година во однос на истиот месец претходната година се намалени за 1,1%, додека споредено со претходниот месец се зголемени за 0,2%. Цените на мало во првите три месеци од 2016 година се пониски за 0,5%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во март 2016 година забележа раст од 17,7% на месечна основа и изнесуваше 39,1 долари за барел. Во однос на истиот месец претходната година, цената на нафтата се намали за 30,0%. Цената на природниот гас во март 2016 година, во однос на февруари 2016 година, се намали за 12,3%.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во март 2016 година се тргуваше со просечна цена од 8.717 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува зголемување на цената од 5,0% во однос на претходниот месец. Во март, месечен раст на цените се забележува и кај останатите основни метали, освен кај алуминиумот, чијашто цена на месечна основа остана непроменета. Така, цената на калајот се зголеми за 8,2%, на бакарот за 7,7%, на цинкот за 5,4%



и на оловото за 2,1%. Цената на железната руда во март, во однос на февруари 2016 година бележи зголемување од 19,1%.

Во однос на благородните метали, цената на платината во март, во однос на претходниот месец, се зголеми за 5,3%, на златото за 3,8% и на среброто за 2,0%.

Анализирано на месечна основа, во март цената на пченката на светските берзи бележи намалување од 0,3%, а цената на пченицата се зголеми за 2,2% на месечна основа. Цената на јагнешкото месо во март 2016 година, во однос на февруари 2016 година се намали за 0,6%.

## *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во првите три месеци од 2016 година изнесува 2.339,3 милиони евра, што претставува раст од 4,5% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари – март од 2016 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 71,7%, што претставува зголемување од 2,7 п.п. во однос на истиот период претходната година.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - март од 2016 година изнесува 983,2 милиони евра и бележи раст од 5,7% (53,2 милиона евра) во однос на истиот период во 2015 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 4,8%.

Во март 2016 година вредноста на извезените стоки изнесува 349,0 милиони евра и бележи раст од 2,9% (10,0 милиона евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намалил за 0,8%.




Анализирано на месечно ниво, во март 2016 година извозот бележи раст од 0,9% (3,0 милиони евра) во однос на претходниот месец, а

доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен пад од 6,1% .

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - март 2016 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, пијалаци и тутун, метална руда и отпадоци од метал и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 48,9% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – март 2016 година споредено со истиот период во 2015 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Западен Балкан и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 12,2% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан тој бележи раст од 4,3%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 82,8% и 10,4% соодветно.




## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – март од 2016 година изнесува 1.356,2 милиона евра и бележи раст од 3,7% (48,1 милион евра) во однос на истиот период во 2015 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 3,6%.

Вредноста на увозот во март 2016 година изнесува 524,7 милиони евра, што претставува намалување за 1,7% (8,9 милиони евра) во однос на истиот месец во 2015 година, а увезените количини стоки се намалени за 1,8%.




Анализирано на месечно ниво, во март 2016 година увозот бележи раст од 9,9% (47,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 0,7%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2015 | I - III - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 11,0 | 10,4 | -0,6 | -5,3 |
| Мил. ЕУР | 6,0 | 4,3 | -1,7 | -28,5 |
| Мил.$ | 6,8 | 4,8 | -2,0 | -30,0 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2015 | I - III - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 208,1 | 253,9 | 45,8 | 22,0 |
| Мил. ЕУР | 89,3 | 68,8 | -20,5 | -23,0 |
| Мил.$ | 100,2 | 75,9 | -24,3 | -24,2 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2015 | I - III - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 5,4 | 3,2 | -2,1 | -39,6 |
| Мил. ЕУР | 166,5 | 215,2 | 48,7 | 29,2 |
| Мил.$ | 186,1 | 238,1 | 52,0 | 27,9 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2015 | I - III - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 7,1 | 6,4 | -0,7 | -10,4 |
| Мил. ЕУР | 27,8 | 44,9 | 17,1 | 61,7 |
| Мил.$ | 30,9 | 49,6 | 18,7 | 60,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2015 | I - III - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 143,4 | 124,6 | -18,8 | -13,1 |
| Мил. ЕУР | 139,2 | 79,9 | -59,3 | -42,6 |
| Мил.$ | 155,3 | 88,4 | -66,9 | -43,1 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2015 | I - III - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 154,1 | 191,5 | 37,4 | 24,2 |
| Мил. ЕУР | 73,6 | 69,0 | -4,5 | -6,2 |
| Мил.$ | 82,0 | 76,3 | -5,7 | -7,0 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите три месеци на 2016 година, трговскиот дефицит се намали за 1,4% односно 5,1 милион евра споредено со истиот период минатата година.

Во март 2016 година трговскиот дефицит се намали за 9,7% односно 18,9 милиони евра споредено со март минатата година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, транспортна опрема и храна и пијалаци, додека во спротивна насока дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, индустриски набавки и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари – март 2016 година 78,1% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Србија, а потоа следуваат: Грција, Турција, Италија, Романија, Бугарија, Русија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 85,4% од трговската размена во периодот јануари - март 2016 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период 2015 година претставува зголемување од 3,5 п.п.. На страната на извозот и увозот,

еврото е застапено со 92,7% и 80,1%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 6,2 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 1,5 п.п. во однос на периодот јануари – март 2015 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - III - 2015 | | | | | I - III - 2016 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 702,3 | 1.028.434.770 | 61,5516 | 63.301.805.570 | 78,6 | 847,1 | 1.086.512.003 | 61,6767 | 67.012.474.857 | 80,1 | 58.077.233 | 5,6 |
| УСД | 620,0 | 291.998.429 | 54,5937 | 15.941.274.657 | 19,8 | 425,6 | 279.933.584 | 55,9793 | 15.670.486.099 | 18,7 | -12.064.845 | -4,1 |
| ГБП | 1,6 | 4.570.958 | 82,7627 | 378.304.835 | 0,5 | 1,4 | 4.528.233 | 80,2357 | 363.325.914 | 0,4 | -42.725 | -0,9 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.323,8 | | | 79.621.385.062 | 98,4 | 1.274,1 | | | 83.046.286.870 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 1.325,9 | | | 80.528.380.102 | 100,0 | 1.277,5 | | | 83.654.958.007 | 100,0 | | 3,9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи

Во првите три месеци од 2016 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 40.590 милиони денари, односно 6,9% од БДП, што претставува поголемо остварување за 7,4% во однос на истиот тримесечен период во 2015 година.




Даночните приходи во периодот јануари - март се реализирани во износ од 23.714 милиони денари, односно 4,0% од БДП и во однос на истиот период 2015 година се зголемени за 8,1%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 11.697 милиони денари и забележа зголемување од 25,6% во однос на истиот период 2015 година, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи е доминантно и изнесува 49,3%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 15.487 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 3.790 милиони денари.

Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 9,7% додека ДДВ од прометот во земјата забележува зголемување од 13,5%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележа помало остварување за 89,3%.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 3.234 милиони денари и забележуваат раст од 9,1% на годишна основа, при што речиси 2/3, односно 65,3% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 7,1% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,1% од приходи по основ на договор на дело, 5,7% од приходи од капитал, 4,2% од приходи од имот и

имотни права и 2,6% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка во првите три месеци од 2016 година изнесуваа 2.907 милиони денари и забележаа намалување од 26,1% во однос на истиот период претходната година.

Акцизите се остварени во износ од 4.563 милиони денари (учество од 19,2% во даночните приходи) и забележаа намалено остварување за 1,1% во однос на истиот период минатата година. Приходите од царина беа остварени во износ од 1.152 милиони денари и забележаа зголемување од 19,3%.

Приходите од други даноци со остварен износ од 161 милиони денари забележаа поголемо остварување за 11,0% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 11.585 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 6,0% споредено со истиот период во 2015 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 6,1%, кај придонесите за вработување за 6,0% и кај придонесите за здравствено осигурување за 5,7%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 2.946 милиони денари и во однос на истиот тримесечен период во 2015 година забележаа помало остварување од 9,1% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 1.094 милиони денари, што претставува зголемување од 212,6% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 815 милиони денари и се повисоки за 4,0% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - март 2016 година изнесуваа 46.225 милиони денари, односно 7,8% од БДП, што е за 4,9% повеќе во однос на истиот период 2015 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 43.083 милиони денари учествуваа со 93,2% (учество од 7,3% во БДП) и се зголемени за 7,9% во однос на истиот период во 2015 година.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 31.428 милиони денари (5,3% од БДП). Средствата за трансфери забележаа зголемување од 11,4% споредено со истиот период во 2015 година и учествуваа со 68,0% во вкупните расходи.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 6.390 милиони денари нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,8% и во однос на 2015 година се зголемени за 6,4%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 3.924 милиони денари и споредено со истиот период во 2015 година забележаа намалување од 8,4%.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 22.423 милиони денари, забележаа раст од 12,3% и учествуваа со 48,5% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 13.954 милиони денари, се зголемија за 13,3%, споредено со истиот тримесечен период во 2015 година и учествуваат со 30,2% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 18,8%, односно забележаа зголемување од 10,1%, споредено со истиот период 2015 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 3.758 милиони денари забележаа зголемување од 1,4%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 18,2% повеќе.

Каматните расходи изнесуваат 1.341 милиони денари, што е намалување од 6,7% во споредба со истиот период во 2015 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа намалени за 9,9%, додека каматите од странско задолжување беа намалени за 3,1%.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 3.142 милиони денари со структурно учество од 6,8% во вкупните расходи (0,5% учество во БДП), односно забележаа помала реализација за 24,2% во споредба со истиот период лани.

### Буџетско салдо

Во периодот јануари – март 2016 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 5.635 милиони денари (1,0% од БДП) и е помал за 10,6% во однос на истиот период на 2015 година. Дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 5.105 милиони денари и претставува 0,9% од БДП.

## *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари - март 2016 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 44.595 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е помал за 2,1% во однос на истиот период во 2015 година.



Од вкупниот број нововработени, 48,3% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во март 2016 година 30,2% се од евиденцијата на невработени.




Вкупниот број невработени лица изнесува 210.166, од кои 114.252 се активни баратели на работа, а 95.914 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 6,4%.

Најголем дел од невработените лица (68,1%) се градско население, а според половата структура 59,7% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 54,7% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 30,3% се со завршено средно образование, додека 15% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Според возрасни групи, најголемиот дел или 53,9% од невработените припаѓаат на групата од 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 52,4% од невработените лица чекаат вработување од една до седум години, додека 9,8% чекаат осум и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во февруари 2016 година оствари годишен раст од 3,4%, а во однос на претходниот месец е пониска за 2%. Најголем раст на просечната нето–плата се забележува во следните сектори: Градежништво (16,3%), Административни и помошни услужни дејности (11,1%) и Земјоделство, шумарство и рибарство (11%). Реалните плати во февруари забележаа годишен раст од 3,4%.




Просечната номинална бруто-плата во февруари 2016 година оствари годишен раст од 3%, а во однос на претходниот месец е пониска за 1,7%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори:

Градежништво (16%), Земјоделство, шумарство и рибарство (11,1%), и Административни и помошни услужни дејности (10,7%). Реалната бруто - плата забележа годишен раст од 3%.




Процентот на вработени кои не примиле плата во февруари 2016 година изнесува 1,2% и во однос на истиот месец претходната година е понизок за 0,3 п.п., а за 0,2 п.п. повисок во однос на јануари 2016 година.

## Пензии

Во март 2016 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 302.081 пензионер, што претставува зголемување од 1,6% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 1.794 лица. Од вкупниот број пензионери, 61% се корисници на старосна пензија, 25,4% на семејна пензија и 13,6% на инвалидска пензија.




Просечната пензија во март 2016 година изнесува 13.074 денари и е зголемена за 5% во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во февруари 2016 година (последни расположливи податоци) изнесува 59,9%.

Просечната старосна пензија во март изнесува 14.445 денари, семејна пензија 10.433 денари, а просечната инвалидска пензија изнесува 11.807 денари. За исплата на пензиите во март 2016 година се потрошени 3.825,39 милиони денари, што претставува 52,2% од вкупните социјални трансфери.

# МОНЕТАРЕН СЕКТОР




Во март 2016 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, одлучи да ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во март 2016 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 7,6% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 10,2% и 5,1%, соодветно.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 1,8%, при раст на готовите пари во оптек од 1,7% и зголемување на вкупните ликвидни средства на банките од 1,9%.

## Депозитен потенцијал

Во март 2016 година, вкупните депозити на банките регистрираа раст од 0,5% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија  и депозитите на домаќинствата забележаа раст од 0,7% и 0,3%, соодветно.

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор ( март 2016 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **304.820** | **0,5%** | **6,2%** |
| Денари | *180.643* | 0,6% | 7,4% |
| Странска валута | *124.177* | 0,2% | 4,4% |
| Краткорочни | *148.504* | -0,1% | 0,2% |
| Долгорочни | *82.790* | 0,4% | 4,3% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **280.023** | **0,8%** | **8,4%** |
| Денари | *225.059* | *1,3%* | 12% |
| Странска валута | *54.964* | -0,8% | -4,2% |
| Краткорочни | 62.447 | -0,2% | 1,3% |
| Долгорочни | *184.819* | 1,3% | 12,2% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *30.022* | 0,2% | 2,7% |

Извор: НБРМ

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Од аспект на валутата,  во март 2016 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 0,6 % и  0,2%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во март 2016 година оствари раст од 6,2% на годишна основа. Анализирано според валутата, растот беше воден од депозитите во домашна валута, кои забележаа раст од 7,4%, а депозитите во странска валута се зголемија за 4,4%.




Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 3,1%, а депозитите на претпријатијата се зголемија за 12,9%. Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 0,2%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 4,3%. Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 59,3%.

## Кредити на банките

Во март 2016 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа раст од 0,8% на месечна основа. Секторската анализа укажува дека во март кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,4%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 1,5%. Од аспект на валутата, во март 2016 година, денарските кредити регистрираа раст од 1,3%, а  девизните  кредити се намалија за 0,8% на месечно ниво .

На годишна основа, во март 2016 година вкупните кредити се зголемија за 8,4%, во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 5,1% и раст на кредитите кон домаќинствата од 13%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 12%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 4,2%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 12,2%, а краткорочните кредити се повисоки за 1,3%.




## Каматни стапки на депозитни банки

Вкупната каматна стапка на кредитите во март 2016 година изнесува 6,5% и е непроменета во споредба со претходниот месец. Каматните стапки на денарските кредити исто така останаа непроменети и изнесуваат 6,7%, додека каматните стапки на девизните кредити на

месечно ниво се намалија за 0,1 п.п. и изнесуваат 5,6%. Вкупната каматна стапка на депозитите во март изнесува 1,8% и намалена за 0,1 п.п. во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити се непроменети во споредба со минатиот месец и изнесуваат 2,5% и 1,1%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во март 2016 година вкупниот промет на берзата регистрираше зголемување од 36,1% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од класичното тргување и блок трансакциите за 29,7% и 82,8%, соодветно.

Вкупниот промет на берзата во март 2016 година изнесуваше 169 милиони денари што претставува намалување за 7,6% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во март 2016 година изнесуваше 1.781,03 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 1,5%, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 1,5 %.




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на март 2016 година изнесуваа 2.266,3 милиони евра и во однос на претходниот месец се повисоки за 12,9 милиони евра, додека во однос на март 2015 година се намалени за 88,5 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk